Република Македонија
Национална установа Центар за култура
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ
Куманово

| Примено: 20.02.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 131/1 | / | / |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**
**Бр. УП1 21-723/2025**
**16.02. 2026 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 154/19 и 121/24) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), министерот за култура и туризам донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. За проекти од национален интерес во културата за 2026 година кои се содржани во Нацрт-годишната програма за работа на Национална установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово за 2026 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-723 од 30.06.2025 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на драмската дејност:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. „Смрт на погребот“ - адаптација и режија Ненад Витанов | 800.000 ден. | Програма 41 - ставка 464 |
| 1.2. „Чичко Кумплуг“ - според пиесата „Прирачник за самоуништување“ од автор Сашко Насев, режија Јани Бојаџи | 900.000 ден. | Програма 41 - ставка 464 |
| 1.3. „Амбасадор“ - автор Славомир Мрожек, режија Андреј Цветановски (на албански јазик) | 800.000 ден. | Програма 41 - ставка 464 |
| 1.4. „Не се работи за славејчињата“ - автор Тенеси Вилијамс, режија Кендрим Ријани (на албански јазик) | 900.000 ден. | Програма 41 - ставка 464 |
| 1.5. 29-ти Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедија“ - Куманово | 800.000 ден. | Програма 70 - сметка 631 |

- од областа на фолклорна дејност

| | |
|---|---|
| 1.1.Едногодишна работа на детско-младинскиот фолклорен ансамбл „Срма“ | 100.000 ден. |
| 1.2.„V Семинар за традиционална музика и игра „ОД ТРАДИЦИЈА ДО СЦЕНА“ | 70.000 ден. |
| 1.3. Прослава по повод празникот „Илинден““ | 60.000 ден. |
| 1.4.Материјални трошоци за работа на установата | 215.000 ден. |

- од областа на музичката и музичко-сценската дејност

| | |
|---|---|
| 1.1. „Сонус Ауреус“ | 75.000 ден. |
| 1.2. Годишен концерт на албанскиот оркестар при НУЦК „Трајко Прокопиев“ | 75.000 ден. |

Во акта - Архивски знак: 0302
Рок на чување: 10.
201 26 год.
Потпис
Куманово

| | |
|---|---|
| Куманово | |
| 1.2. Концерт на класична музика од светски и албански композитори | 85.000 ден. |
| 1.4. Концерт на Ана Гацева и Иван Наумовски | 65.000 ден. |

- од областа на литература и издавачка дејност

1.1. Годишна литературна програма на НУЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово
- Активности за промоција и презентација на тековна книжевна литература 100.000 ден. 1.2. Меѓународен фестивал на проза 2026 300.000 ден.

- од областа на визуелни уметности архитектура и дизајн

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Изложба на слики „Магични кругови“ од Јовица Ивановски-Моче | 55.000 ден. |
| 1.2 | Изложба на слики „Кон светлината“ од Новица Трајковски | 70.000 ден. |
| 1.3 | „Самоуки“ | 35.000 ден |
| 1.4 | Изложба на слики „Боите“ од Боро Арсовски | 70.000 ден. |
| 1.5 | Изложба на слики „Dusk till dawn“ | 35.000 ден |
| 1.6 | Изложба на слики „Религија, митологија и слободна мисла“ од Трајче Чатмов | 70.000 ден |
| 1.7 | „Кумановски графичари 2026“ | 50.000 ден. |

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово за 2026 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-723 од 30.06.2025 година од областа на:

- драмската дејност:

2.1. „Анатомија на самоубиство“ - според автор Алис Бирч, адаптација и режија Тамара Стојаноска

2.2. „Фрагменти“ - по мотиви на текстот „Илузии“ од автор Иван Вирипаев, режија Александар Ивановски

2.3. „Се е во ред“ - автор Ана Ристоска Трпеноска, режија Ивана Ангеловска

- музичката и музичко-сценската дејност:

2.1. „Како да растеме со музика“
2.2.„Преку звуци“
2.3. Концерт „Пијано дуо Ѓорлева и Михајловски'
2.4. Концерт на ТРИО ВивАрте по повод Патронат на НУЦК „Трајко Прокопиев“ - Куманово
2.5. Концерт „Етно лирика“
2.6. Едногодишна работа на Младински оркестар Трајко Прокопиев
2.7. Концерт Вечер на културна фузија
2.8. Вивалдијада 2026

- визуелни уметности архитектура и дизајн

2.1. Изложба на скулптури „Деструкција на просторот -Нови уметнички хоризонти од Јован Наумоски

СЕ ОДБИВААТ.

3. Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2026 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24 и 132/25), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за:програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат средствата кои се планирани да се остварат по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации.Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на ден 05.06.2025 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување Нацрт годишна програма за 2026 година.

Национална установа Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово, со допис бр. УП1 21-723 од 30.06.2025 година до Министерството за култура и туризам достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2026 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (5) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за драмска дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 20 - 1006/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за драмска дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 20 - 1006/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини:

- „Анатомија на самоубиство" - според автор Алис Бирч, адаптација и режија Тамара Стојаноска се одбива согласно објавените приоритети и критериуми;
- „Фрагменти" - по мотиви на текстот „Илузии" од автор Иван Вирипаев, режија Александар Ивановски се одбива согласно објавените приоритети и критериуми;

- „Се е во ред“ - автор Ана Ристоска Трпеноска, режија Ивана Ангеловска се одбива согласно објавените приоритети и критериуми.

Комисијата за фолклорна дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21– 283/3 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-1007/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-1007/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини: поради тоа што не содржат доволна аргументација за нивната уметничка и естетска оправданост, дополнително нема задоволително ниво за проекти од национален интерес.

Комисијата за визуелни уметности архитектура и дизајн за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-1008/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за визуелни уметности архитектура и дизајн за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-1008/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектот од точката 2 на ова решение, да се одбие од следниве причини:

- Изложба на скулптури „Деструкција на просторот -Нови уметнички хоризонти од Јован Наумоски - проектот се одбива, бидејќи авторот е веќе прифатен на Годишниот конкурс за финансирање од национален интерес за 2026 година на кој аплицирал како физичко лице.

Комисијата за литература и издавачка дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 24-1009/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

**М И Н И С Т Е Р,**

**Зоран Љутков**

Министерство за култура и туризам - Republika e Maqedonisë së Veriut - Република Северна Македонија - Ministria e kulturës dhe e turizmit * Скопје-Shkup *

Доставено до:
-Националната установа
-архивата на Министерството за култура

Подготви: Бесим Ибраими, советник
Одобри: Снежана Иванова-Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви: Беса Ода Муртеза, раководител на одделение
Одобри: Снежана Иванова-Китанова, помошник раководител на Сектор
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви/Одобри: Елена Николовска, раководител на одделение
Согласна: м-р Маја Седрак, раководител на сектор

Одделение за визуелни уметности архитектура и дизајн
Подготви м-р Мариела М.Аџигогова, советник
Одобри Александра Север, раководител на одделение
Согласен м-р Маја Седрак, раководител на сектор

Подготви: м-р Весна Ѓуровска, раководител на одделение
Одобри: д-р Билјана Туџаровска-Ќупева, раководител на Сектор
Согласен: м-р Катерина Пејкова, државен советник